ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16-г став (6) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.1.2018 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНТРОЛНИТЕ МАРКИ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА БРАШНО

**Член 1**

Во Одлуката за висината на надоместокот за издавање на контролните марки за означување на брашно („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/13) во членот 2 во алинејата 1 износот „0,5“ се заменува со износот „0,2“.

Во алинејата 2 износот „1,5“ се заменува со износот „0,2“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-7315/1-17

30 јануари 2018 година

Скопје

Претседател на Владата

на Република Македонија,

Зоран Заев, с.р.